**З А П И С Н И К**
**од втората форумска сесија**
**11.11.2022, Општина Крива Паланка**
**почеток во 13:00 часот**

| **Присутни членови на ОГ** | **Отсутни** |
|---|---|
| Гордана Ристовска | |
| Анкица Јаќимовска | |
| Љупка Ангеловска | |
| Виктор Петровски | |
| Антон Јакимовски | |
| Лидија Митовска- модератор | |
| вкупно: 5 | вкупно: 0 |

**Вовед:**

Втората форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка се одржа во голема сала на општината, во периодот од 13:00 до 16:00 часот. На втората форумска сесија присуствуваа 54 граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 54 | 39 | 15 |

**Дневен ред:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на Записникот од 1 Форумска сесија<br>-Утврдување и потврдување на структурата на форумот<br>-Презентација и усвојување на правилата за работа на форумот | 13:00-13:20 |
| 2. | Презентација на планирани и реализирани расходи на општината во тековната година<br>- дискусија по расходите | 13:20-13:30 |
| 3. | Презентација на Расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2023 година<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите | 13:30 - 14:00 |
| 4. | Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група за расходите, информација за термин за 3 форумска сесија и оценка на форумската сесија | 15:30 - 16:00 |

**Записник од сесијата:**

**Т.1. Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија**

На почетокот на втората форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на „Родово одговорен буџетски форум“. Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2023 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања и дискусии треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината за реализација на приоритетни проекти, а не исклучиво од нивните желби, потреби и проблеми, колку и да се тие од приоритетен карактер.

**Т.1.1 Утврдување на дневниот ред за работа**

Модерторот го презентираше дневниот ред и целите на втората форумска сесија, појаснувајќи дека на втората сесија ќе бидат претставени приходите и расходите за 2022 година и проектираните расходи за 2023 година, како и дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.1.2 . Усвојување на записникот од прва форумска сесија**

Модераторот Митовска потсети на работата на првата форумска сесија за процесот на буџетирање и структурата на буџетот. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од првата форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија.

Потоа записникот од првата форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот

**Т.1.3 Утврдување и потврдување на структурата на форумот – распределување по работни маси**

По објаснувањето од страна на модераторот за структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии, следеше распределба на граѓаните по работни маси.

По презентацијата, присутните граѓани одлучија да ги формираат следниве работни маси:

1. работна маса – Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – 8 членови
2. работна маса – Комунални дејности - 7 членови
3. работна маса – Култура – 8 членови
4. работна маса – Јавни дејности. Образование, млади спорт и социјална работа – 10 членови
5. работна маса – Економски развој и Туризам - 8 членови
6. работна маса – Општинска администрација – 8 членови
7. работна маса – Оперативна група – 5 членови

**Т.1.4. Презентација и усвојување на правилата за работа на форумот**

Модераторот Лидија Митовска ги објасни начелата и правилата за работа на форумот.

Потоа правилата за работа беа ставени на гласање и едногласно усвоени од страна на форумот.

**Т.2. Презентација на планирани и реализирани приходи и расходи на општината во 2022 година**

Презентација на планирани и реализирани приходи и расходи на општината во тековната година до 30.09.2022 година ги презентираше Љупка Ангеловска. По презентацијата беше отворена дискусија, но немаше пријавени за истата. Модераторката направи кратко резиме на презентацијата при што од информациите од презентацијата заклучи дека проекцијата на основниот буџетот за 2023 година би бил некаде од околу 145 милиони денари.

**Т.3. Презентација на Расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2023 година**

Презентацијата на планирани расходи по буџетски програми ги презентираше на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска и Валентина Ангеловска – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ.

На втората форумска сесија беа презентирани вкупно шест буџетски програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмата за 2023 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска беа презентирани четири програми: Програма за изработка на урбанистички планови, Програма за животна средина, Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка и Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на општина Крива Паланка, Додека Валентина Ангеловска – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ, презентираше две програми: Програма за образование и Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во општина Крива Паланка.

**Т.3.1 Презентација на Расходи по Програмата за изработка на урбанистички планови**

Презентација на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови ги презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови за 2023 година беше отворена дискусија за збор се јави:

Жаклина Цветковска од работната маса Култура праша дали донесување на генерален урбанистички план и детален урбанистички план влегува во буџетот за 2023 година и каде на која локација се наоѓа хотелскиот комплекс?

Едита Поцева од работна маса Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина праша Дали има некаков план за касарната и што се планира?

Валентина Лековска од работната маса Јавни дејности постави прашање што се планира за просторот позади зградите кај зелениот пазар? Дали се планира уредување на паркинг простор кај зелениот пазар?

Анѓелина Ѓошева од работната маса Јавни дејности праша дали може да се гради, реновира или догради куќа која се наоѓа на национализирано земјиште, конкретно стари турски куќи кои се наоѓаат на делот од стариот градски пазар?

Бранко Тодоровски од групата за Економски развој даде забелешка дека канализацијата на дел од улицата Св. Јоаким Осоговски спроти нас.Единство не е во добра состојба и постави прашање дали има некаков проект за истата?

По секое поставено прашање Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска одговараше на поставените прашања.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

## Предлози по Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:

| Предлози по програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС | Работна маса и презентер |
|---|---|
| 1. Решение за Касарната и просторот околу неа<br>2. Да биде донесен ДУП за десниот брег | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 3. Донесување на детален урбанистички план за Калин Камен | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 4. Да се обезбеди објект за Културно уметничките друштва<br>5. Да се уреди слободниот простор кај музичкото училиште на ООУ "Јоаким Крчовски" | Култура – Жаклина Цветковска |
| 6. Да се донесе детален урбанистички план за улица 8ми Октомври кон Маневци (корито на Дурачка река-лев брег) | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 7. Да биде донесен детален урбанистички план за десниот брег | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 8. Викенд населба на Калин Камен | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.3.2 Презентација на Расходи по Програмата за Програмата за животна средина**

Презентација на расходите по Програмата за животна средина ги презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по Програмата за Програмата за животна средина за 2023 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.

## Предлози по Програмата за животна средина во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:

| Предлози по Програмата за животна средина во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС | Работна маса и презентер |
|---|---|
| 1.Наместо контејнери,домашниот комунален отпад да се собира во најлон вреќи во садовите од 180л.Така да се предава отпадот, а собирачите на отпад да бидат прецизни со времето на собирање. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |

| | |
|---|---|
| -Местата околу контејнерите се најголеми загадувачи. | |
| 2.Да се направи план и програма за кабест отпад – отстранување. | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 3.Редовна контрола.прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење. | Култура – Жаклина Цветковска |
| 4.Воведување на стимулативни мерки за селекција и рециклирање на отпад. | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 5.Да се донираат садови за комостирање. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 6.Поставување на фотонапонски панели на јавни институции. | Општинска администрација – Мартин Николовски |

**Т.3.3 Презентација на Расходи по Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка**

Презентација на расходите по Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка ги презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 година беше отворена дискусија на која за збор се јави

Бранко Тодоровски од работната маса Економски развој и зошто во програмата не се вклучени и уличните мачки?

Едита Поцева запраша Ви кој стационар се носат уличните кучиња и каде се наоѓа тој стационар?

На поставените прашања одговор даде Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска .

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| Предлози по Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Изградба на стационар во близина на општината. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |

| | |
|---|---|
| 2.Да се направи јама за животински отпад. | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 3.Отворање на стационар за кучиња преку стимулативни мерки од општина и држава.<br>4.Забрана за непрописно шетање на кучиња по стазата покрај Крива Река. | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5.Превентивни и едукативни мерки за правилно чување и зголемена контрола на инспекциски служби. | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 6.Кампања за вдомување на бездомните кучиња. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7.Зголемување на свеста кај граѓаните за вдомување на миленичиња преку едукативни активности. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.3.4 <u>Презентација на Расходи по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација</u> <u>во општина Крива Паланка за 2023 година</u>**

Презентација на расходите по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2023 година ги презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2023 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација</u>**
**<u>во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на општина Крива Паланка. презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Одлука, со опомена,а потоа казна за возачите кои не ги паркираат возилата само од страната на улицата за која е договорено. Да се одбележат улиците од која страна да се паркираат возилата. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 2.Сообраќајно решение за влез и излез на возила. | Комунални дејности – Мери |

| | |
|---|---|
| Правилно паркирање на ново направена стаза за паркирање и поставување на знаци за забрането паркирање на стазата за движење на луѓето. | Стојановска |
| 3.Изградба на катна гаража- монтажна кај мостот кај училиштето Јоаким Крчовски.<br>4. Регулирање на паркинг на такси превозниците кај градски плоштад. | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5.Регулираење на сообраќајниот метеж не само во центар туку и населбите и дефинирање на паркинг простор. | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 6.Зонско паркирање.<br>7.Отстранување на хаварисани возила. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 8.Изработка и донесување на план за одржлива урбана мобилност. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**<u>Предлози по Програмата за образование во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програма за Образование во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.За најдобрите 10 матуранти според утврдени критериуми дополнителна награда. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 2.Повеќе манифестации за деца од предучилишна и училишна возраст. | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 3.Средства за полуматуранти<br>4. Ставање во употреба на лифтот во ООУ Јоаким Крчовски за лицата со посебни потреби. | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5.Уредување на дворните површини во градинките со реквизити | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 6.Стипендирање на деца од ранливи категории. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7. Обука за подготовка на проекти за EU фондови.<br>- Фокус ERAZMUS + | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Предлози по Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Да се отвори SOS | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 2.Субвенционирање на деца кои не се во можност да одат на екскурзии | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 3. Дневен центар за лица зависници<br>4. Дом за стари лица | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5.Поофанзивно делување во опремување на Сензорна соба во ОЈУДГ Детелинка. | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 6.Дом за стари лица. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7.Изградба на дом за стари лица. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.11. Следни чекори (одредување на термин за следната сесија) и оценка на форумска сесија**

Терминот за следната трета форумска сесија е 15.11.2022 год.(вторник).

**Завршен параграф:**

Првата форумска сесија заврши во 16:00 часот.

**Записникот го подготви:**

**Прилози:**

1. Преглед и анализа на одговорите на прашалниците за оценка на втората форумската сесија
2. Преглед и анализа на присуството на втората форумската сесија